Политичка партија ЛЕВИЦА
бр ДП-103/22
11.07.2022 год.
ЛЕВИЦА
СКОПЈЕ

**До: Левица**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„Кои лица моментално се редовно вработени во Левица и колку средства партијата издвојува по основ на плати? Дали партијата има активни кредити кон банки, и ако е така – за какви и колкави обврски станува збор и кон која/кои банки? Дали партијата има депозити во банки или пласирани средства во фондови и сл.?„

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 08.07.2022 година**

Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. ИП-165/22
20.07. 2022 год.
ЛЕВИЦА
СКОПЈЕ

ПП ОБ 04

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Скопје, поднесено на 08.07.2022 година, имателот на информацијата политичката партија Левица го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: *„Кои лица моментално се редовно вработени во Левица и колку средства партијата издвојува по основ на плати? Дали партијата има активни кредити кон банки и ако е така - за какви и колкави обврски станува збор и кон која/кои банки? Дали партијата има депозити во банки или пласирани средства во фондови и сл?"*

Се УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Влатко Стојановски , ул. Лајош Кошут бр.6 Скопје, имателот на информацијата политичката партија Левица

Ви ја доставува информацијата:

**Партијата Левица моментално има две лица во редовен работен однос и по основ на плати во бруто-износ издвојува 82.164 денари.**

**Партијата Левица нема активни кредити кон банки.**

**Партијата Левица нема депозити во банки или пласирани средства во фондови.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до политичката партија Левица во рок од 7 дена од приемот на Решението, или до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во политичката партија Левица на 20.07.2022 година, под бр. ИП-165/22.

**Одговорно лице**

Јована Мојсоска

Политичка партија ЛЕВИЦА Скопје

До
ЛЕВИЦА

Политичка партија ЛЕВИЦА
ЛЕВИЦА Бр. ДП-136/22
21.09 20 22 год.
СКОПЈЕ

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 101/19"), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Документ со кој е уредено работењето на партијата (Статут или друг основачки акт);
2. Органограм на партијата;
3. Документ – преглед на податоци по род во партиските органи и организациската структура на партијата во:
   а) конгрес/ собрание,
   б) централен одбор/ комитет,
   в) надзорен одбор /комитет,
   г) извршен одбор / комитет,
   д) организациско тело на жени,
   ѓ) организациско тело на млади,
   е) пол на претседатели на општински организации/ комитети/ ограноци/ и
   ж) партиски комисии.

4. Документи (интерни акти, статути, правилници и сл.) во кои е пропишано делувањето на организациското тело на жени (форум/ унија/ пленум и сл.);

5. Документи (интерни акти, статути, правилници и сл.) во кои е пропишано делувањето на организациското тело на млади (форум/ унија/ пленум и сл.).

Форма во која се бара информацијата:

а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Политичка партија **ЛЕВИЦА**

ЛЕВИЦА

Бр. УП-230/22
22.09. 2022 год.
Скопје

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Мирослав Крлежа" бр. 20-1/12; општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/885-645

До:

## ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека службеното лице за посредување со информации од јавен карактер постапувајќи по истото Ви го доставува следниот одговор:

- Документот со кој е уредено работењето на партијата – Статутот е достапен на веб страната на Политичката партија Левица (https://levica.mk/statut/), а дополнително Ви го доставуваме во PDF формат во прилог на меилот со коишто Ви го доставуваме и одговорот по Вашето Барање;
- Органограмот на Партијата е исто така достапен на веб страната на Политичката партија Левица (https://levica.mk/wp-content/uploads/2022/03/Orgranogram.jpg)
- Политичката партија Левица не располага со Документ во однос на родот во партиските органи и организационата структура на Партијата.
  Президиумот на Политичката Партија Левица (главен извршен орган на Левица – колективно претседателство) има вкупно 7 актуелни членови, а една од нив е жена. Централниот Комитет на Левица (највисок партиски раководен орган) има вкупно 42 актуелни членови, а од нив 9 се жени. Дополнително, од вкупно 22 кандидати за членови на Централниот Комитет на Левица, 7 од нив се жени;
- Политичката партија Левица нема основано организационо тело на жени;
- Имајќи предвид дека помладокот на Левица – Црвена Младина е скоро формирано организационо тело на млади, делувањето на ова тело се' уште не е конкретно пропишано.

Со почит,

Имател на Информациите
Политичка Партија Левица

Изготви: Дарја Мустафаоглу,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Скопје,
22.IX.2022 година